**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**
**(„Службен весник на Република Македонија“ бр.102/10, 144/10 )**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за упис во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи.

## Член 2

Правното лице кое врши увоз на меркантилна пченица треба:

-да е микро, мало, средно или големо претпријатие согласно Законот за земјоделство и рурален развој со најмалку три вработени лица на неопределено време;

-да е запишан во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на дејност за производство на мелнички или пекарски производи и тестенини; за трговија на големо со жита и за складирање на стока.

-да е солвентно во смисла на целосно намирени обврски за откуп од претходната производна година;

-да располага со објекти и опрема за преземање: кип платформа, приемен бункер, машинска куќа и комора или вреќи за отпадоци, статична вага и опрема за чистење на зрното, доколку врши увоз на меркантилна пченица во непакувана (рефусна) состојба и/или

-да располага со објекти за привремено (подно) складирање во тенки слоеви, во вреќи или во контејнери, доколку врши увоз на меркантилна пченица во пакувана состојба;

-да располага со опрема за квалитетно сместување (складирање) и чување во непакувана (рефусна) состојба: мерни проточни ваги, хоризонтални и вертикални елеватори за транспорт на зрното до ќелиите и опрема за оценка на квалитетот на зрното при приемот и излезот на зрното од складиштето, доколку врши увоз на меркантилна пченица во непакувана (рефусна) состојба;

-да располага со опрема за оценка и сортирање на квалитетот на зрното: влагомер, апарат за определување на хектолитарската маса, апарат за мерење на присуство на примеси или сито со отвори од 2,8 мм за определување на примеси, или да има договор за вршење анализи на квалитетот од соодветна лабораторија за време на најавениот увоз на меркантилна пченица;

-да има склучен договор за продажба на целата количина на увезена меркантилна пченица со исклучок на правното лице кое врши увоз заради преработка за сопствени потреби.

Член 3

Правното лице кое врши увоз на брашно од пченица покрај условите од член 2 алинеи 1, 2 и 3 од овој правилник треба да има:

- објект за прием на брашно- магацин за чување на брашно;
- објекти и опрема за сортирање: мешалка на брашно (хомогенизатор), лабораторија опремена со следната опрема: фаринограф, екстензограф, амилограф, печка за одредување на содржината на пепел, апарат за одредување на седиментација по Зелен (Zeleny), апарат за одредување на содржината на глутен, или да има договор за вршење на анализи на квалитетот од соодветна лабораторија за време на најавениот увоз на брашното;
- објекти и опрема за квалитетно сместување (складирање) и чување на брашното: бункери (комори или ќелии) или магацин за чување на брашно во вреќи наизменично наредени во слоеви (од два до три) на палети со носивост до 1 тон/палета;
- превозни средства, односно опрема за транспорт и прием на брашно (цистерна, за транспорт на брашно во непакувана форма) и во пакувана на начин со кој ќе се обезбеди задржување на квалитетот и хигиенската исправност на брашното
- склучен договор за продажба на целата количина на увезено брашно, со исклучок на правното лице кое врши увоз заради преработка за сопствени потреби.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.08-6986/6 | Министер,

19.07. 2010 година | Љупчо Димовски, с.р.

Скопје